Rezolucija koja će poći odavde do odgovarajućih organa, želim da ne bude mrtvo slovo na papiru, nego da bude od koristi klasičnoj filologiji, odnosno disciplinama koje to u ostalom i zaslužuju i zasluživaće.

Vjerujem da će se ubuduće naći ljudi koji će imati sluha i smisla za naš problem i koji će nam pomoći prema svojim mogućnostima.

*A. Tuzlić, Sarajevo.*

## POZDRAVNI GOVOR PREDSTAVNIKA SR CRNE GORE

Kao jedini predstavnik Socijalističke republike Crne Gore pridružujem se prethodnim govornicima i pozdravljam ovaj naučni zbor.

Drago mi je što vidim da su se ovde skupili predstavnici društava za antičke studije iz svih republika (a to neosporno predstavlja veliki doprinos našem bratstvu i jedinstvu), s ciljem da iznesu rezultate svojih proučavanja antičkog nasleđa, kojim je cela naša zemlja veoma bogata.

Žalim što mi u Crnoj Gori još nemamo takvo društvo, a ono nam je još kako potrebno, jer se i naša republika nalazi na nekadašnjem antičkom tlu.

Trudićemo se da uz pomoć naših profesora učinimo sve što do nas stoji da se i crnogroski klasični filolozi, ljubitelji i cenitelji antike pridruže Savezu društava za antičke studije u organizovanom proučavanju antike i antičkog nasleđa kod nas.

Još jednom pozdravljam ovaj zbor sa iskrenim željama za plodan uspeh.

*M. Camaj, Tuzi kod Titograda.*

## ГОВОР СЕКРЕТАРА ОРГАНИЗАЦИОНОГ ОДБОРА О ПРИПРЕМНИМ РАДОВИМА ЗА НАУЧНИ СКУП „АНТИКА И АНТИЧКО НАСЛЕЂЕ КОД НАС“

Драги колешки и колеги, почитувани гости,

Дозволете ми од свое лично име и од името на Организацискиот одбор на I научен собир „Антиката и античкото наследство кај нас“ прво да ја изразам искрената радост и задоволство што ги гледам за првпат вака собрани колегите класични филолози, археолози и историчари на стариот век од сите наши социјалистички републики.

При основањето на Сојузот на друштвата за антички студии во Дубровник (окт. 1974. год.) беше дадена сугестија да се одржуваат сојузни научни собири од обласга на античките студии секоја трета година, кога ќе се свикува и Скупштина за избор на нова управа. Примајќи ја првата управа на Сојузот, ние во Скопје ја имавме на ум претстојната задача и настојувавме што поскоро да започнеме со подготовките на собирот. На состанокот од претставници на катедрите по класична филологија и од републичките друштва за антички студии, што се одржа на 14 ноем. 1975. год. во Загреб, беше избран Организациониот одбор во познатиот состав и беа определени: темата на собирот, местото и времето на неговото одржување.

Скромните финансиски средства на Сојузот не дозволуваа да се свикуваат состаноци на членовите од Организацискиот одбор на кои да се донесуваат одлуки за токот на подготовките. Сè се одвиваше по писмен пат. Членовите на Одборот и управите на републичките друштва за антички студии на време беа известувани за секоја стапка што ја преземаше Секретаријатот во врска со собирот, а тие од своја страна понекогаш даваа драгоцени сугестии.

Во декември 1975. год. Секретаријатот го испрати првиот циркулар, со кој го извести членството за собирот и одреди рок до кога ќе се пријавуваат реферати. Со вториот циркулар во септ. 1976. год. беше определен рок (крај на м. март 1977. год) до кога да се испратат резимеата од пријавените реферати. Рокот за тоа беше продолжуван неколку пати и во јуни 1977. год. резимеата беа најпосле умножени и распратени до учесниците заедно со Програмата, со што им беше дадена можност да се подготват за дискусија и по другите реферати.

Благодаренија на разбирањето што го покажа нашата Заедница за наука и отпушти сума од 40.000 дин. за организирање на собирот, ние можевме да ги покриеме трошоците околу умножувањето на резимеата, печатењето на Програмата, поканите и другите издатоци околу подготовките и одржувањето на овој собир.

Со цел нашите дискусии околу научните и стручни проблеми да не бидат ограничени само на официјалните седници во оваа сала, ами да продолжуваат за сето време на нашиот престој, решивме собирот да се одржи во овој простран локал крај Белото Езеро, каде што имаме можност за сето време овде, а последниот ден и на екскурзијата, да бидеме сите заедно.

Имам посебно задоволство од свое име и од името на Организациониот одбор уште еднаш да им ја изразам нашата голема благодарност и признателност на сите што придонесоа да се одржи овој наш прв собир: на Собранието на СРМ што ни укажа чест и се прифати да биде покровител на собирот; на Собранието на Општината Охрид што ни пружи гостопримство во овој убав амбиент; на Народниот музеј во Охрид за големите усилби околу

поставувањето на изложбата со фотографии од најновите археолошки раскопки во Охрид; на колешките по латински јазик од гимназијата „Григор Прличев“ во Охрид, кои со своите ученици придонесоа за свеченоста на собирот; на студентите кои така пожртвувано се ставија на услуга околу прифаќањето на гостите, озвучувањето на салата и друго; на управата на хотелот INEX „Горица“ која искрено настои на нашите гости да им пружи што попријатен престој и на сите учесници што пријавија и подготвија реферати за собиров.

*П. Хр. Илиевски, Скойје.*